**20121132889**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 2012 година.

Бр. 07-3850/1
10 септември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за Царинската управа ("Службен весник на Република Македонија" број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/10, 158/10 и 53/11 ), во членот 63 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Вработениот во Царинската управа, кој нема статус на царински службеник, може по потреба да биде распореден на соодветно работно место на царински службеник, доколку ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места во Царинската управа и да биде подложен на пробна работа најдолго 12 месеци, но не пократко од шест месеци, во зависност од работното место и во текот на пробната работа да го полага стручниот испит за стекнување статус на царински службеник согласно со условите, роковите и начинот утврдени во членовите 53 и 53-а од овој закон."

Ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4), (5), (6) и (7).

Член 2

Во членот 64 став (2) зборот "конкурс" се заменува со зборот "оглас", а зборот "конкурсот" се заменува со зборот "огласот".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.